Уп. бр. 08-105

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ТЕЛЕЛИНК БИЗНЕС СЕРВИСИС ГРУП А.Д., со седиште на ул. Донка Ушлинова бр. 2, Гаритиџ Парк, зграда 1, кат. 4, Софија, Република Бугарија, преку Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ Скопје, на седницата одржана на ден 16.07.2025 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која ТЕЛЕЛИНК БИЗНЕС СЕРВИСИС ГРУП А.Д., со седиште на ул. Донка Ушлинова бр. 2, Гаритиџ Парк, зграда 1, кат. 4, Софија, Република Бугарија има намера да стекне директна контрола над АЦТУАЛ И.Т, информатички технологии, а.д, со седиште на Ферарска улица 14, 6000 Копер, Каподистрија, Република Словенија иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 27.06.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од ТЕЛЕЛИНК БИЗНЕС СЕРВИСИС ГРУП А.Д., со седиште на ул. Донка Ушлинова бр. 2, Гаритиџ Парк, зграда 1, кат. 4, Софија, Република Бугарија, со која ТЕЛЕЛИНК БИЗНЕС СЕРВИСИС ГРУП А.Д., има намера да стекне директна контрола над АЦТУАЛ И.Т, информатички технологии, а.д, со седиште на Ферарска улица 14, 6000 Копер, Каподистрија, Република Словенија, по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз

основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ТЕЛЕЛИНК БИЗНЕС СЕРВИСИС ГРУП А.Д** е акционерско друштво основано согласно прописите на Р. Бугарија. со седиште на ул. Донка Ушлинова бр. 2, Гаритиџ Парк, зграда 1, кат. 4, Софија, Р. Бугарија.

ТЕЛЕЛИНК БИЗНЕС СЕРВИСИС ГРУП А.Д претставува составен дел од ТЕЛЕЛИНК Групацијата, која е присутна преку своите зависни друштва на повеќе географски пазари, притоа на различни релевантни пазари, и тоа вклучувајќи ги земјите од Западен Балкан: Република Северна.Македонија, Р.Србија, Р.Босна и Херцеговина, Р.Хрватска и Р.Словенија, како и на поширокиот европски пазар преку присуство во Р.Бугарија, Р.Романија и Ф.Р.Германија, како и во САД, кое е претежно присутно на релевантен пазар на информатичка технологија и комуникации.

ТЕЛЕЛИНК БИЗНЕС СЕРВИСИС ГРУП А.Д е присутна на пазарот во Северна Македонија преку поврзано претпријатие над кое остварува директна контрола со 100% удел - Друштво за професионални и консултантски услуги ТЕЛЕЛИНК БИЗНИС СЕРВИСИС ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 7385986, со претежна дејност - 46.500 - Трговија на големо со информатичка и комуникациска опрема. ТЕЛЕЛИНК БИЗНЕС СЕРВИСИС ГРУП А.Д во Северна Македонија врши трговија на големо со информатичка и комуникациска опрема кое опфаќа продажба на телекомуникациски производи како и интеграција на системи, сервери, сториџ (storage), hardware и мрежна (network) опрема од повеќе брендови.
**АЦТУАЛ И.Т, информатички технологии, а.д**, е присутно на пазарот на консалтинг за компјутерски уреди и програми и управување со компјутерски уреди и системи.

АЦТУАЛ И.Т нема директно или индиректно поврзани друштва на пазарот во Северна Македонија.
АЦТУАЛ ИТ остварува приход во Севрна.Македонија поврзан со ИТС услуги на начин што испорачува услуги на компанија ќерка во Р.С.Македонија на Заваровалница АД Љубљана (САВА ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје), како дел од договорен однос со друштвото-мајка (Заваровалница АД Љубљана) во Р.Словенија за пружање на услуги за нејзините поврзани друштва во регионот.

Во делот на пазарот на SAP услугите, деловните активности на групацијата АЦТУАЛ И.Т се ограничени. Во моментов групацијата АЦТУАЛ И.Т во делот на SAP испорачува услуги на поврзано друштво на ТАБ д.д. од Словенија кое е присутно во Северна Македонија, врз основа на договор и не настапува самостојно. Повеќето SAP услуги ги пружа преку други правни лица - SAP партнери.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**